Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20) и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македоњја број 05/02), советот на општина Чучер-Сандево на 19-та седница одржана на ден 28.12.2022 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот во општина Чучер-Сандево**

Член 1

Се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот во општина Чучер-Сандево со цел да се обезбеди поголема вклученост, учество и придонесување на граѓаните, како и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, во чијашто работа учествуваат претставници на граѓанскиот и невладиниот сектор од локалната заедница во општина Чучер-Сандево.

Член 2

Членови на партиципативното тело се:

- членовите на комисијата за урбанизам што ги определува со решение градоначалникот на општината;
- стручни лица вработени во правното лице кое го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа;
- претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладини организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активнисти од подрачјето на општината што ги претставуваат разлличните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

Член 3

Членовите на партиципатиеното тело од областа на урбанизмот од член 2 став 1 алинеја 3 се избираат на јавен оглас објавен од страна на градоначалникот на веб страната на општината од доброволно пријавени граѓани и нивниот број е неограничен. По завршување на јавниот оглас за доброволно пријавување на членови на партиципативното тело од областа на урбанизмот се составува список на пријавени лица кои се членови на партиципативното тело.

Списокот со членови на партиципативното тело за урбанизам избрани на јавен оглас сотавен дел на одлуката за формирање на партиципативното тело.

Член 4

Партиципативното тело на првата седници од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Член 5

Лицата вработени во општината по службена должност учествуваат во работата на партиципативното тело, а лицата што не се вработени во општината доброволно учествуваат во работата на патиципативното тело.

Член 6

Начинот на работа и бројот на членовите на партиципативното тело се уредуваат со деловник за работа на партиципативното тело кој го донесува советот на општината.

Член 7

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службениот гласник на општина Чучер Сандево.

**Број 08-1464/17**
**28.12.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Белинска**